УНИБанка АД Скопје
Бр. 0202/2-67/2024
16.07.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 16.07.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува точка под реден број 29.1 став а) – Месечен надоместок за одржување на сметка на правни лица нерезиденти во мкд. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска валута |
|---|---|---|---|
| 29.1 | Сметка без месечен промет, со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот | 900 мкд | 15 еур во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ |

Образложение за промената: Усогласување на пристап со висината на надоместокот кај резиденти.

2. Се менува точка под реден број 14.1.1 Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53, за физички лица резиденти преку шалтер. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Интернет и мобилна апликација | Шалтер |
|---|---|---|---|
| 14.1.1 | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката и<br><br>Кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53 | 9 мкд | 120 мкд |

Образложение за промената: Насочување на клиенти за користење на услуги од шалтер кон интернет банкарство и мобилна апликација.

3. Се менува точка под реден број 14.1.3 - Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги-Преку платен систем за малите плаќања-КИБС (кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53), за физички лица резиденти преку шалтер. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Интернет и мобилна апликација | Шалтер |
|---|---|---|---|
| 14.1.3 | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги-Преку платен систем за малите плаќања-КИБС (кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53) | 15 мкд | 120 мкд |

Образложение за промената: Насочување на клиенти за користење на услуги од шалтер кон интернет банкарство и мобилна апликација.

4. Се менува точка под реден број 4.1.1 став а) Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката, правни лица резиденти преку шалтер. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Интернет и мобилна апликација | Шалтер |
|---|---|---|---|
| 4.1.1 а) | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката -Кредитен трансфер | 7 мкд | 150 мкд |

Образложение за промената: Насочување на клиенти за користење на услуги од шалтер кон интернет банкарство и мобилна апликација.

5. Се менува точка под реден број 4.2.2 став а) Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги преку платен систем за малите плаќања-КИБС, правни лица резиденти преку шалтер. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Интернет и мобилна апликација | Шалтер |
|---|---|---|---|
| 4.2.2 а) | Преку платен систем за малите плаќања-КИБС -Кредитен трансфер | 22 мкд | 150 мкд |

Образложение за промената: Насочување на клиенти за користење на услуги од шалтер кон интернет банкарство и мобилна апликација.

6. Се менува точка под реден број 3.1.2 Подигнување готовина на шалтер, на правни лица резиденти, во описот се додава лимит на износот и вооедно се менува износот на надоместокот. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска Валута |
|---|---|---|---|
| 3.1.2 | Подигнување на готовина на шалтер | | |
| а.) | - за износ до 1.845.000 мкд (30.000 eur) | 0,6% мин 300 мкд | 0,6% мин 600 мкд |
| б.) | - за износ над 1.845.001 мкд (30.001 eur) | 0,8% | 0,8% |

Образложение за промената: да се намалат ангажманот и трошоците за набавка на готовина , насочување на клиентите кон користење на електронските услуги на банката и намалување на поголеми еднократни повлекувања на кеш од страна на клиентите.

7. Се менува точка под реден број 13.2 Подигнување на готовина, на физички лица резиденти, при што се врши промена на лимитот на трансакции и висината на надоместокот. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска Валута |
|---|---|---|---|
| 13.2 | Подигнување на готовина на шалтер | | |
| а.) | - за износ до 1.845.000 мкд (30.000 eur) | 0,2% мин 200 мкд | 0,2% мин 200 мкд |
| б.) | - за износ над 1.845.001 мкд (30.001 eur) | 0,6% | 0,6% |

Образложение за промената: да се намалат ангажманот и трошоците за набавка на готовина , насочување на клиентите кон користење на електронските услуги на банката и намалување на поголеми еднократни повлекувања на кеш од страна на клиентите.

8. Соодветно на промена на точката 13.2 се менува и точката со тарифен број 13.4 Предвремено повлекување на готовина на орочен депозит. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска Валута |
|---|---|---|---|
| 13.4 | Предвремено повлекување готовина на орочен депозит: | | |
| а.) | - за износ до 1.845.000 мкд (30.000 eur) | 0,2% мин 200 мкд | 0,2% мин 200 мкд |
| б.) | - за износ над 1.845.001 мкд (30.001 eur) | 0,6% | 0,6% |

9. Се менува точка под реден број 30.2 Исплати на ефектива од сметки на правни и физички лица нерезиденти. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска Валута |
|---|---|---|---|
| 30.2 | Исплата | 0,6% мин. 600 мкд | 0,8% мин. 600 мкд |

Образложение за промената: да се намалат ангажманот и трошоците за набавка на готовина , насочување на клиентите кон користење на електронските услуги на банката и намалување на поголеми еднократни повлекувања на кеш од страна на клиентите.

10. Соодветно на промена на точката 30.2 се менува и точката со тарифен број 30.3 под став б.) Исплата на ефектива од орочен депозит пред денот на достасување. Точката се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | МКД | Странска Валута |
|---|---|---|---|
| 30.3 | | | |
| б) | Пред денот на достасување (раскинување на договор за депозит) | 0,6% мин. 600 мкд | 0,8% мин. 600 мкд |

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат од 01.10.2024 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. број: 0202/2-67/2024
16.07.2024 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД
СКОПЈЕ
1